**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А
## за констатирана правна празнина во одредбите од Законот за работните односи со иницијатива за законски измени

**Скопје, 26.03.2008 година**

Народниот правобранител на Република Македонија во остварувањето на својата функција презема дејства за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единицата на локалната самоуправа и јавните установи и служби за кои е овластен со Законот за Народниот правобранител.

Во смисла на изнесеното Народниот правобранител особено внимание посветува на остварувањето на правата на граѓаните од областа на работните односи, па во таа насока Народниот правобранител смета за неопходно да Ве информира дека досега од поништувањето на член 104, став 1 од Законот за работните односи, поднесени се повеќе претставки од граѓани-вработени лица на кои од страна на работодавачите им се донесени решенија за престанок на работниот однос поради остварување услови за старосна пензија, во кои одлуки за престанок на работниот однос работодавачите како правен основ за престанокот на работниот однос се повикуваат на одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, наместо да се повикуваат на одредби од Законот за работните односи. Всушност работодавачот нема можност при донесувањето на одлуката за престанок на работниот однос на работникот поради исполнети услови за пензија да се повика на одредба од Законот за работните односи, бидејќи одредбата која ја предвидуваше таа можност во Законот за работните односи сега е вон сила, односно истата е поништена со Одлука У бр. 102/2005 од 21. и 22.12.2005 година на Уставниот суд на Република Македонија.

Имено, одредбата на членот 104, став 1 од Законот за работните односи е поништена поради нееднаквиот однос на граѓаните по основ на пол бидејќи условите за остварување на старосната пензија утврдени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, е различен за мажите и жените по однос на возраста, односно жената при остварувањето на правото на старосна пензија треба да има навршено 62 години живот наспроти мажот кој треба да има навршено 64 години живот.

При применувањето на ставот 1 од член 104 од Законот за работните односи, всушност законодавецот ги ограничил правата на жените при остварувањето на правото на работа и предизвикал тие да се чувствуваат дискриминирани поради престанок на работниот однос на жените под различни услови од мажите.

Од членот 104 од Законот за работните односи, остана во сила ставот 2, која одредба беше функционално поврзана со ставот 1 од член 104 и предвидува дека може да постои исклучок од правилото за прекин на договорот за работа поради возраст на работникот кој исклучок не прави полова разлика, туку му дава право на работодавачот да го продолжи договорот за вработување со работникот најмногу до 65 години возраст доколку со закон и општ колективен договор поинаку не е утврдено. Од оваа законска одредба произлегува дека работниот однос на лицата на кои требало да им престане

поради навршување одредена возраст им се продолжува само на одредено време и тоа до 65 години кое продолжување зависи само од волјата и потребите на работодавецот, а не од барањето на работникот.

За да може работодавачот да го примени таквиот исклучок, мора да постои правило, односно одредба во Законот за работните односи, која за работникот предвидува престанок на работниот однос поради исполнети услови за старосна пензија или по сила на закон, а одредба за таков вид на престанок на работниот однос во Законот за работните односи нема. Од изнесеното произлегува дека за да може работодавачот да му го продолжи договорот за вработување на работникот до 65 години најпрво треба да постои правило за да може да се примени исклучокот, а во моментов постои само исклучокот и нема правило.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка состојба, како и воспоставената практика на работодавачите при престанокот на работниот однос на работникот да се повикуваат на одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во услови кога во правниот систем не постои генерална одредба за изрекување престанок на работниот однос поради исполнети услови на старосна пензија за да на тој начин работодавачот изврши престанок на работниот однос на работникот, Народниот правобранител смета дека таквите постапки се правно несоодветни и не треба да продолжат да се применуваат, бидејќи во правниот систем на Република Македонија јасно е утврдено дека со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се предвидуваат услови за остварување право на пензија, но не и престанок на работниот однос кој секако треба да биде предвиден со Законот за работните односи.

Впрочем, со Законот за работните односи, предвидени се сите права на вработените (засновање работен однос, плата, надоместоци, годишен одмор) што аналогно на тоа се подразбира дека треба да е предвиден и престанок на работниот однос по неколку основи, па и поради исполнети услови на старосна пензија.

Токму затоа, свесени дека со поништувањето на членот 104, став 1 од Законот за работните односи, е создадена правна празнина која предизвикува дилеми околу фактот кој ќе биде правниот основ за престанок на работниот однос на работникот кој остварил услови за старосна пензија или пак, како што беше предходно наведено, во поранешниот Закон за работните односи-престанок на работниот однос по сила на закон, Народниот правобранител заради доследно обезбедување, остварување и заштита на правата на граѓаните од областа на работните односи користејќи ги своите надлежности утврдени во член 30 од Законот за народниот правобранител, дава иницијатива за измена и дополнување на Законот за работните односи.

Имено, во член 30 од Законот за народниот правобранител, се предвидува дека Народниот правобранител може до овластените предлагачи да дава иницијатива за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти и нивно усогласување со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и дека Народниот правобранител може да поднесе предлог до Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи или општи акти.

Во смисла на горе изнесеното, односно за да се спречи настанатата воспоставена практика на работодавачите и да се пополни правната празнина при изрекувањето престанок на работниот однос поради исполнети услови за старосна пензија, како и да се спречат последиците кои ги трпат граѓаните при изрекувањето престанок на работен однос под горенаведените околности, а

воедно стремејќи се притоа кон создавање правна држава и кон почитување на темелните вредности на уставниот поредок и владеењето на правото, како и уставната одредба дека граѓаните се еднакви пред Уставот и законите и дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место и под еднакви услови му престанува работниот однос, Народниот правобранител бара во најкус можен рок преземање мерки од Ваша страна во правец на донесување Закон за измени и дополнување на Законот за работните односи, со што ќе бидат предвидени услови за престанок на работниот однос на работникот поради исполнети услови за старосна пензија утврдени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување и едновремено ќе се изврши усогласување со останатите материјално-правни прописи. Со донесувањето на измените во Законот за работните односи, всушност ќе се пополни правната празнина, ќе се применува исклучокот предвиден во став 2 од членот 104 од Законот за работните односи, бидејќи ќе постои правило, ќе се решат дилемите со кои се соочуваат работодавачите и правните експерти, ќе се воедначи создадената различна судска практика во однос на различната примена на членот 104, став 2 од Законот за работните односи, и ќе се отстранат последиците од поништената одредба од ставот 1 од истиот член.

Со донесувањето на потребната одредба неспорен е заклучокот дека во рамките на областа на работните односи доследно ќе се остваруваат и заштитат правата на граѓаните при изрекувањето престанок на работниот однос поради што Народниот правобранител укажува на потребата да се преземат активности од Ваша страна по оваа информација и Народниот правобранител да биде благовремено известен за истите.